# ЕВН МАКЕДОНИЈА ГИ ПРЕДУПРЕДУВА ГРАЃАНИТЕ КОИ ГО ОТКАЖАЛЕ ПАРНОТО

## Ако се грееш на струја, смени го кабелот!

**Кога корисниците ќе престанат да ја користат топлинската енергија што им ја испорачува Топлификација, доколку се греат на струја, неопходно е да побараат нова енергетска согласност**

**Расте бројот на граѓани кои се откажуваат од парното, а со тоа директно ја загрозуваат безбедноста на мрежата за електрична енергија**.

**Причина за ваквата состојба е што скапото парно греење го заменуваат со поевтината електрична енергија и на тој начин го затоплуваат просторот, а во такви услови мрежата нема доволно капацитет да ги опслужи корисниците**.

**Зградите во коишто поголемиот број станари го откажале парното, многу често остануваат без струја, бидејќи трафостаниците не можат да го издржат напонот, осигурувачите нонстоп прегоруваат, а жителите остануваат и по неколку часа без струја**.

**За време на викендите состојбата е уште полоша и тогаш се случува и со часови по неколку фази да немаат струја**.

**Од ЕВН Македонија го знаат проблемот и затоа досега неколкупати предупредија дека ако голем број граѓани се откажат од парното греење, сериозно ќе се наруши безбедноста на мрежата**.

**Тие укажуваат кога корисниците ќе престанат да ја користат топлинската енергија што им ја испорачува Топлификација, доколку се греат на струја, неопходно е да побараат нова енергетска согласност**.